**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**
(за изнајмување на опрема за озвучување и видео проекција)

06.05.2019

Почитувани,

Здружение Национален ромски центар од Куманово објавува „Барање за прибирање на понуди" повикувајќи ги сите регистрирани правни субјекти, да поднесат понуди со следните содржински спецификации:

**1.Општи услови**
1.1. Набавувач на услуги  Здружение „Национален ромски центар" од Куманово, со седиште на  ул. Доне Божинов бр. 11/1, Куманово.

1.2. Предмет на барањето: **Прибирање понуди за изнајмување на опрема за озвучување и видео проекција.**

1.3.Здружение „Национален ромски центар" (НРЦ) во партнерство со Здружение „СИМБИОЗИС 12"  Куманово и ОРМ „Бела Кула" Кичево го  спроведува проектот „Поддршка за легализација на ромско домување" со поддршка од Делегација на Европска Унија и заради остварување на планираните проектни активности јавно го објавува ова барање до сите регистрирани правни субјекти во државата заради набавка на понуди за изнајмување на опрема за озвучување и видео проекција. Имено, здруженијата ќе организираат караван во 6 општини, лоциран специфично во ромските маала во овие градови, при што е планирано да се постави опрема за видео проекција и за озвучување заради прикажување на документарни филмови. Детален распоред на настаните:

- Куманово, 16.05.2019, времетраење од 16:30 до 18:00 часот.
- Кочани, 17.05.2019, времетраење од 16:30 до 18:00 часот.
- Штип, 20.05.2019, времетраење од 16:30 до 18:00 часот.
- Велес, 21.05.2019, времетраење од 16:30 до 18:00 часот.
- Кичево, 22.05.2019, времетраење од 16:30 до 18:00 часот.
- Прилеп, 23.05.2019, времетраење од 16:30 до 18:00 часот.

1.4. Набавката на ова Барање е неделива. Изборот ќе се направи согласно најдобриот финансиски и интерес за квалитет на барателот.
1.5. Понудувачот во случај на избор на неговата понуда е должен да обезбеди фактура од Управа за јавни приходи без ДДВ до барателот, заради исплата од страна на средства од грант на Европска Унија.

This project is funded by European Union

Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org

## 2. Понуда

2.1. Понудувачот треба да достави понуда во која согласно потребите на набавувачот треба да содржи:

| Ред. Бр. | Потребни спецификации | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Озвучување | |
| 2 | Микрофон | 1 |
| 3 | ЛЦД проектор | 1 |
| 4 | Платно за проектирање | 1 |

* При подготовка на понудите понудувачот треба да го има во предвид фактот дека понудувачот ќе треба да ја монтира и да управува со опремата за време на настаните.

Цените во понудата треба да бидат изразени во денари без ДДВ.
Со избраниот понудувач НРЦ ќе склучи договор за соработка за времетраењето на настаните.

**3. Критериуми за избор на најповолен понудувач**:

- Цена
- Квалитет на понудените услуги

Цената носи 80 бодови, додека квалитетот на понудените услуги носи 20 бодови, а за добитник на повикот по барањето за доставување на понуди се смета понудувачот кој ќе добие најмногу поени.

**4. Облик и содржина на понудата:**
4.1 Понудата се изработува во писмен облик.
4.2 Име, адреса и седиште на понудувачот на услуги, даночен број, телефонски број, е-маил, адреса за контакт како и лица за контакт.
4.3 Тековна состојба од добавувачот, не постара од една година.
4. 4. Карактеристики на понудата.
4.5. Рок и начинот на испорака на услугите.
4.6 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денари без вклучен ДДВ.
4.7.Рок и начин на плаќање.

Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет.

**Ве молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail) на следните адреси georgievska@nationalromacentrum.org и info@nationalromacentrum.org или лично да ги доставите во архивата на НРЦ на адреса на ул. Доне Божинов бр. 11/1 Куманово, во период од 06.05.2019 до 13.05.2019 година до 16 часот.**

Куманово 06.05.2019

This project is funded by European Union

Ul. Done Bozinov11/5
1300, Kumanovo
Phone: +389 31 42 75 58
e-mail: info@nationalromacentrum.org
web: www.nationalromacentrum.org